# ИСКУСТВОТО НА ОТВОРЕНА ПОРТА СО БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ, МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

**ОД 2014 ДО 2019 ГОДИНА, ЗГ ОТВОРЕНА ПОРТА АКТИВНО СПРОВЕДУВАШЕ ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВО ПРОЦЕС НА МИГРИРАЊЕ, КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ИТНА ИНТЕРВЕНЦИЈА, СТРУЧНА ПОМОШ И ЗАШТИТА ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА.** АКТИВНОСТИТЕ И УСЛУГИТЕ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ „ВИНОЈУГ“ – ГЕВГЕЛИЈА И ТАБАНОВЦЕ, КАКО И ВО ПОГРАНИЧНИТЕ РЕГИОНИ НА ЈУЖНАТА И НА СЕВЕРНАТА ГРАНИЦА.

**ОТВОРЕНА ПОРТА ОБЕЗБЕДИ УСЛУГИ ЗА СЛЕДНИВЕ РАНЛИВИ ГРУПИ:**

- НЕПРИДРУЖУВАНИ И РАЗДЕЛЕНИ ДЕЦА
- ЛИЦА СО ЗНАЦИ НА ПРЕЖИВЕАНА ТРАУМА
- СЕМЕЈСТВА
- ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ СО ДЕЦА
- СТАРИ ЛИЦА
- БРЕМЕНИ ЖЕНИ
- ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

**ОТВОРЕНА ПОРТА / ЛА СТРАДА РЕГРУТИРА И ОБУЧИ ПОВЕЌЕ ОД 150 ЛИЦА (СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ, ПСИХОЛОЗИ, ПЕДАГОЗИ, ПРЕВЕДУВАЧИ ИТН.),** ОРГАНИЗИРАНИ ВО ПОСЕБНИ МОБИЛНИ ТИМОВИ КОИ ФУНКЦИОНИРАА НА ТЕРЕН 24/7. ТИЕ ГИ ИДЕНТИФИКУВАА НАЈРАНЛИВИТЕ ЛИЦА И НИВНИТЕ ПОТРЕБИ И ПРОАКТИВНО ИМ ПРИСТАПУВАА, ГИ ИНФОРМИРАА ЗА УСЛУГИТЕ ШТО СЕ НУДАТ ВО ЦЕНТРИТЕ И ГИ ЕДУЦИРАА ЗА ОПАСНОСТИТЕ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

**ОСВЕН ТОА, ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ТИМОВИ ОБЕЗБЕДИЈА ЕМОЦИОНАЛНА И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПРВА ПОМОШ НА ЛИЦАТА ВО ПРОЦЕС НА МИГРИРАЊЕ, А ПОСЕБНИТЕ СЛУЧАИ БЕА УПАТЕНИ КОН РЕЛЕВАНТНИТЕ СЛУЖБИ.**

**24/7**
**СОС ЛИНИЈА**
**0800 11111**

**20 ГОДИНИ ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ**

**ТИМОВИТЕ НА ОТВОРЕНА ПОРТА РАБОТЕА ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРЕТХОДНО УТВРДЕНИТЕ СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ И ГИ НУДЕА СЛЕДНИВЕ УСЛУГИ:**

- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА БЕГАЛЦИТЕ/МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВРЗ ОСНОВА НА НИВНИТЕ СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ (КОМПЛЕТ ЗА ПРВА ПОМОШ, ХРАНА, ПИЈАЛАЦИ, САНИТАРНИ МАТЕРИЈАЛИ, ОБЛЕКА, ИТН.).
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ: ЕМОЦИОНАЛНА ПОДДРШКА; ПСИХО-СОЦИЈАЛНО СОВЕТУВАЊЕ; ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ТРАУМИТЕ ПРЕТРПЕНИ ВО МАТИЧНАТА ЗЕМЈА ИЛИ ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО;
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРВИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ПОМОШ, ПОДДРШКА И УПАТУВАЊЕ НА ЛИЦА ПОД РИЗИК ВО ПРОЦЕС НА МИГРАЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ФОКУС ВРЗ РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА;
- СОВЕТУВАЊЕ ЗА МОЖНИТЕ НАЧИНИ ЗА ПОВТОРНО ПОВРЗУВАЊЕ СО ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО;
- СОВЕТУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛСКА ГРИЖА ЗА ДЕЦАТА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО;
- ПОМАГАЊЕ НА МАЈКИ КОИ СЕ СООЧУВААТ СО ПРЕДИЗВИЦИ ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА СВОИТЕ ДОЕНЧИЊА;
- ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА НА ДЕЦАТА;
- СОВЕТУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ЗА ОПАСНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО;
- УПАТУВАЊЕ ДО ПОСТОЕЧКИ УСЛУГИ ЗА СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАИ; РЕАГИРАЊЕ НА ИТНИТЕ БАРАЊА ВО ИТНИ СИТУАЦИИ И УПАТУВАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАИ НА КОИ ИМ СЕ ПОТРЕБНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ И ПОДДРШКА;
- ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ ЕДУКАТИВНИ, РЕКРЕАТИВНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ДЕЦА И ВОЗРАСНИ;
- ОРГАНИЗИРАЊЕ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ БЕГАЛЦИТЕ ЗА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, ЗА КРИУМЧАРЕЊЕТО, СЕКСУАЛНОТО И РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ И ПЛАНИРАЊЕТО НА СЕМЕЈСТВОТО.

## СТАТИСТИКА




### ВИЗБЕГОВО

ОД СЕПТЕМВРИ 2014 ДО ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА, ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР ЗА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, СО ПРОГРАМАТА ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ВО ПРОЦЕС НА МИГРИРАЊЕ, БИЛЕ ОПФАТЕНИ ВКУПНО 2.545 ЛИЦА, ОД КОИ 799 МАЖИ, 319 ЖЕНИ И 1.428 ДЕЦА.




### ВИЗБЕГОВО

ВО ПЕРИОДОТ ПОМЕЃУ 2016 И 2019 ГОДИНА, ВО ПРОГРАМАТА НА ВИЗБЕГОВО БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ВКУПНО 180 НЕПРИДРУЖУВАНИ МАЛОЛЕТНИЦИ БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ, 152 ЖЕНИ КОИ ПАТУВАЛЕ САМИ, 62 САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ СО ДЕЦА, 247 ДЕЦА ИЛИ АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ БИЛЕ ПОД РИЗИК ИТН.




### ТРАНЗИТНИ ЦЕНТРИ

ОД 2015 ДО 2019 ГОДИНА, МОБИЛНИТЕ ТИМОВИ НА ОТВОРЕНА ПОРТА ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ „ВИНОЈУГ“ – ГЕВГЕЛИЈА И ТАБАНОВЦЕ, АСИСТИРАА СО ВКУПНО 118.610 ЛИЦА, ОД КОИ 30.459 БЕА ЖЕНИ, 44.128 МАЖИ И 44.023 ДЕЦА (ОД КОИ 4.201 НЕПРИДРУЖУВАНО ДЕТЕ)




### ВИЗБЕГОВО И ТРАНЗИТНИ ЦЕНТРИ

ВО ПЕРИОДОТ 2015 – 2019, ВО ЦЕНТАРОТ НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ И ТРАНЗИТНИТЕ ЦЕНТРИ, БИЛЕ ИДЕНТИФИКУВАНИ ВКУПНО 274 ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ НА ТЛ, А РЕГИСТРИРАНИ ВКУПНО 150 ЛИЦА КОИ ПРЕЖИВЕАЛЕ РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО. НА СИТЕ ОВИЕ ЛИЦА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ.